Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

# Опис на работни задачи за ревизорски услуги за проект „Младински политики по мерка на младите“

Во рамките на проектот „Младински политики по мерка на младите" финансиран од Цивика мобилитас, организацијата Про Локал од Битола ги поканува сите заинтересирани правни лица да достават потребни документи согласно со постапката за избор на надворешна овластена ревизорска компанија за спроведување на ревизија на проектот „Малдински политики по мерка на малдите“.

**А. Основни податоци**

**Носител на проектот:** ЗГ Про Локал – Битола

**Партнери на проектот:**

- ЕМПАУРИНГ Крушево
- УРБАНО ГНЕЗДО Кривогаштани
- ПЕЛАГОНЦИ ЕТНОС с.Дебриште
- ВОЛВОКС – Битола
- ЕВРОПСКА ГЛЕДНА ТОЧКА Горно Оризари Битола
- МЛАДИНСКИ СОВЕТ Прилеп
- ЕКО ГЕРИЛА ПРЕСПА Ресен
- ГРАЃАНСКА АКТИВА ИКАРУС Демир Хисар

**Главна цел на проектот:**

Проектот „Младински политики по мерка на младите“ има за цел вклучување на граѓанските организации во развојот на политики и процесите на донесување одлуки преку соработка и дијалог со властите.

**Финансиски поддржан** од страна на Швајцарската Агенција за развој и соработка во рамки на програмата Цивика Мобилитас, која ја спроведуваат Македонски центар за меѓународна соработка – МЦМС во партнерство со НИРАС од Данска и ФЦГ од Шведска.

**Времетраење на проектот:** од 01.12.2023 до 31.05.2026

**Б. Работни обврски на компанијата:**

1. Да спроведе ревизија на проектот кој се имплементира во периодот од 01.12.2023 до 31.05.2026, во согласност со Меѓународен стандард за ревизија 800/805 т.е. да има ревизорско мислење.
2. Потребно е да изработи 1 ревизорски извештаи за сите 9 партнери (наведени во делот А) вклучени во проектот

3. Предмет на ревизија ќе бидат наменските сметки на сите 9 партнери (наведени во делот А) и финансискиот извештај на носителот ЗГ Про Локал заедно со 8-те други партнери наведени во делот А од овој документ
4. Работен јазик на извештајот е македонски јазик.

**В. Услови за пријавување:**

**В1. Општи квалификации:**

- Регистрирана овластена ревизорска компанија

**В2. Специфични квалификации:**

- Најмалку 2 (два) вработени - овластени ревизори
- Најмалку 5 (пет) години професионално работно искуство во спроведување ревизии на граѓански организации, странски фондации, програми и проекти имплементирани од граѓански организации и странски фондации.

**Г. Дополнители информации**

**Временска рамка за реализација на договорот:** 01.07.2025-30.07.2026.

**Вредност на набавката (не повеќе од):** 307 500 денари, бруто износ т.е. фактура без ДДВ

**Место на спроведување на ревизијата:** канцелариите на Про Локал во Битола, Емпауринг Крушево во Крушево, Урбано Гнездо во Кривогаштани, Пелагонци ЕТНОС во с.Дебриште, Волвокс во Битола, Европска Гледна Точка во Битола, Младински совет Прилеп во Прилеп, Еко Герила Преспа во Ресен и Граѓанска Актива Икарус во Демир Хисар.

**Д. Заинтересираните компании треба да достават:**

- ДРД образец
- Портфолио на реализирани проекти слични со предметот на набавка (од точка В.2)
- копии од 2 Договори за услуги слични на предметот на набавката, во вредност не помала од вредноста на набавката
- Биографии и лиценци на најмалку 2 овластени ревизори вработени во компанијата;
- Изјава за достапност на понудените ревизори во периодот за реализација
- Финансиска понуда изразена во МКД без вклучен ДДВ

**Про Локал го задржува правото по потреба да побара оригинали на документи на увид*

** Сите евентуални трошоци околу прибирање и поднесување на потребната документација за учество на овој повик ги сноси понудувачот*

Наведените услови за пријавување се исклучувачки критериуми и освен исполнувањето на критериумите за избор, за најповолен понудувач ќе биде земено во предвиди најдобра цена за квалитет.

Апликациите треба да бидат доставени по електронски пат на: coordinator@prolocal.mk и cso.prolocal@gmail.com

**Краен рок за пријавување:** 27.06.2025 до 16 часот

Битола,
13.06.2025